**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ**

Адреса: Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
за работењето на Македонски Телеком АД – Скопје во 2025 година

Овој Годишен извештај за работењето се однесува на Македонски Телеком АД – Скопје, (во понатамошниот текст: „МКТ“).

Во 2025 година, македонската економија продолжи по патот на постепено закрепнување, поддржана од стабилната домашна побарувачка и тековните јавни инвестиции. Економскиот раст умерено се зајакна, додека фискалната и монетарната политика останаа насочени кон стабилноста и консолидацијата. Инфлациските притисоци дополнително се намалија во споредба со претходните години, иако покачените цени продолжија да вршат негативно влијание врз куповната моќ на домаќинствата. Инвестициската активност покажа подобрување, особено во однос на инфраструктурата и одредени индустриски сектори, иако напредокот остана нерамномерен во рамките на целото стопанство. Деловната доверба донекаде се подобри, а макроекономските услови беа подобри, и покрај постојаните надворешни ризици и структурни предизвици. Севкупно, иако перспективите станаа постабилни, континуираните реформи и мерките за зголемување на продуктивноста останаа неопходни за обезбедување одржлив долгорочен раст.

Растот на МКТ продолжи со зголемување на приходите за 3 %, и покрај тоа што работи во сложено економско опкружување со многу предизвици и со агресивна конкуренција. Повисоки приходи беа остварени во сегментот на мобилна телефонија, а особено во делот на постпејд услугите, поддржани од стабилната база на претплатници и поголемиот приход по претплатник. Приходите од фиксна телефонија забележаа раст како резултат на повисоките приходи од широкопојасен интернет, ТВ и системска интеграција. МКТ планира да продолжи да остварува раст преку искористување на интегрираните понуди, со фокусирање на приходите од услугите, јакнење на својата позиција на ИКТ пазарот како резултат на сѐ поголемата побарувачка за дигитализација, проширување на мрежите од следна генерација и задржување на позицијата на пазарот како давател на премиум услуги.

МКТ забележа раст на базата на корисници во сегментите на фиксна телефонија и мобилни постпејд услуги. На крајот на 2025 година, МКТ имаше 238 илјади стабилни говорни пристапни фиксни линии или зголемена база на претплатници за 2,2 %. Вкупниот број на претплатници на широкопојасни услуги се зголеми на 225 илјади на крајот од 2025 година, што претставува зголемување од 3,4 % во однос на крајот на 2024 година. Бројот на корисници на IPTV на крајот од 2025 година достигна 169 илјади, што претставува зголемување од 6,3 % во споредба со крајот на 2024 година. Бројот на FTTH корисници достигна 140 илјади на крајот на 2025 година, што претставува зголемување од 11,1 % во споредба со крајот на 2024 година.

МКТ имаше 1.303 илјади претплатници на мобилна телефонија на крајот од 2025 година, со стабилен број на претплатници во споредба со претходната година. Густината на претплатници на пазарот на мобилна телефонија во Република Северна Македонија изнесува 132 %. Како резултат на заситеноста на пазарот, МКТ постојано се фокусира на задржувањето на корисниците со цел да го заштити уделот на пазарот.

МКТ изгради значителна предност на пазарот од аспект на пенетрацијата на конвергентни услуги од фиксна и мобилна телефонија. MAGENTA 1 остана главна понуда на производи на МКТ, како во сегментот на приватни корисници така и во сегментот на деловни корисници. Генерирањето на позитивна вредност од домаќинствата што користат конвергентни производи, поедноставувањето на понудите на производи и овозможувањето

дигитално корисничко искуство беа главните водечки насоки во 2025 година.
Дополнително, Македонски Телеком ја нуди програмата Magenta Moments за награди и бенефиции за корисниците. Со оваа програма, компанијата прави чекор понатаму, проширувајќи ја својата улога од давател на телекомуникациски услуги во секојдневен придружник кој вреди да се има и кој нуди вистинска вредност за своите корисници.

Фокусот постојано се става на миграцијата кон следната генерација на интегрирани гигабитни мрежи (FTTH и 5G) и на посветеноста да се обезбеди најдобро корисничко искуство, што резултираше со добивање на престижната награда Ookla за најдобра мобилна мрежа врз основа на податоците од Speed-test Intelligence коишто се однесуваат на супериорната брзина на мобилната мрежа, најголемото покривање на територијата на Македонија и најдобриот квалитет на мрежата.

Во текот на 2025 година, во рамките на ESG агендата (Заштита на животната средина, Општествена одговорност и Совесно корпоративно управување), МКТ успеа дополнително да ги намали емисиите на CO2 и потрошувачката на енергија, како и да ја поттикне циркуларната економија, со што даде свој придонес кон процесот за спречување на климатските промени и ефикасно искористување на општествените ресурси.

**Надоместоци на Одборот на директори**

Подолу се прикажани расположливите податоци за надоместоците за членовите на Одборот на директори (ОД) на МКТ коишто се однесуваат на применливиот период во 2025* година:

а) Податоци за примања во МКТ и во други друштва доколку членот е член на органи на управување и во други друштва (плата, надоместоци на плата, надоместок за членство, бонус, осигурување и други права)

| Име и презиме (применлив период) | Компанија каде членот е член на орган на управување | Плата | Надоместоци на плата | Надоместок за членство на месечно ниво | Бонус | Осигурување | Други права |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Игор Милев | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член и Претседател на Одборот на директори) | 0 | 0 | 155.000 денари (нето) од 01.01.2025 до 29.05.2025 година | 0 | 0 | Нема |
| Сашо Димитријоски | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член и Претседател на Одборот на директори) | 0 | 0 | 62.000 (нето) од 30.05.2025 до 09.06.2025 година<br>155.000 (нето) од 10.06.2025 година | 0 | 0 | Нема |
| Иван Митровски | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 62.000 денари (нето) од 30.05.2025 to 29.12.2025 година | 0 | 0 | Нема |
| Данијела Бујиќ | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 до 31.05.2025 година | 0 | 0 | Нема |
| | Словак Телеком, (Одбор на директори) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| | Словак Телеком, (Одбор за ревизија) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| Диана Анамариа Паркањи - Варкоњи | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Telekom New Media (член на надзорниот одбор) | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |
| Лубор Жатко | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 до 31.05.2025 година | 0 | 0 | Нема |
| Борче Сиљаноски | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| | Magenta Telekom Austria | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| Андреас Маиерхофер | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 од 21.10.2025 година | 0 | 0 | Нема |
| | T-Mobile Polska S.A. | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |
| Никола Љушев | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 од 01.07.2025 до 20.10.2025 година | 0 | 0 | Нема |
| Горан Марковиќ | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 од 01.06.2025 до 30.06.2025 година | 0 | 0 | Нема |
| Золтан Переслењи | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 од 01.06.2025 година | 0 | 0 | Нема |
| | Magyar Telekom Nyrt. Hungary | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени |
| Владимир Ивановски | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| | Telekom Rendszerintegráció Zrt. Hungary | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени |
| Марин Алексов | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 62.000 денари (нето) од 30.05.2025 година | 0 | 0 | Нема |
| Даниела Кржовска | Македонски Телеком АД – Скопје (неизвршен член на | 0 | 0 | 62.000 денари (нето) од 30.05.2025 | 0 | 0 | Нема |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одборот на директори) | | | година | | | |
| Петер Фаил | Македонски Телеком АД – Скопје (независен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| | ЈП ХТ д.д. Мостар, БиХ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| Младен Митиќ | Македонски Телеком АД – Скопје (независен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | Нема |
| | Magyar Telekom Nyrt. Hungary | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |
| Нусрет Зиба | Македонски Телеком АД – Скопје (независен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 62.000 денари (нето) од 30.05.2025 година | 0 | 0 | Нема |
| Сеад Арслани | Македонски Телеком АД – Скопје (независен член на Одборот на директори) | 0 | 0 | 62.000 денари (нето) од 30.05.2025 година | 0 | 0 | Нема |

б) Податоци за вработување доколку членот има засновано работен однос кај друг работодавач (назив на работодавач, дејност, висина на плата, надоместоци на плата, бонус, осигурување и други права).

| Име и презиме (применлив период) | Назив на работодавач | Дејност на работодавач | Висина на плата | Надоместоци на плата | Бонус | Осигурување | Други права |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Никола Љушев | Нема До 30.06.2025 година | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема |
| Горан Марковиќ | T-Mobile Polska S.A од 01.06.2025 до 30.06.2025 година | Телекомуникации | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |
| Игор Милев | Адвокат Игор Милев До 29.05.2025 година | Адвокат | 50.000 денари | Нема | Нема | Нема | Нема |
| Нусрет Зиба | Нема Од 30.05.2025 година | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема |
| Данијела Бујиќ | Deutsche Telekom До 30.05.2025 година | Телекомуникации | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |
| Диана Анамариа Паркањи - Варкоњи | Magyar Telekom Nyrt. (Унгарија) | Телекомуникации | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Лубор Жатко | Deutsche Telekom IT Solutions Slovakia | Телекомуникации | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |
| Борче Сиљаноски | Deutsche Telekom AG | Телекомуникации | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |
| Владимир Ивановски | Magyar Telekom Nyrt. (Унгарија) | Телекомуникации | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени |
| Даниела Кржовска | Нема<br>Од 30.05.2025 година | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема |
| Сеад Арслани | Општина Чаир<br>Од 30.05.2025 година | Јавна инситуација | 30.000 денари | Нема | Нема | Нема | Нема |
| Петер Фаил | Deutsche Telekom AG | Телекомуникации | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |
| Младен Митиќ | Deutsche Telekom AG | Телекомуникации | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |
| Марин Алексов | ДДМ Инженеринг ДОО Охрид<br>30.05.2025 година | Градежништво | 50.000 денари | Нема | Нема | Нема | Нема |
| Иван Митровски | Нема<br>Од 30.05,2925 до 29.12.2025 година | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема |
| Сашо Димитријоски | Нема<br>Од 30.05.2025 година | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема | Нема |
| Золтан Переслењи | Magyar Telekom Nyrt.(Унгарија)<br>Од 01.06.2025 година | Телекомуникации | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени | Оваа информација не може да се обелодени |
| Андреас Маиерхофер | T-Mobile Polska S.A<br>Од 21.10.2025 година | Телекомуникации | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања | Не може да се обелодени поради применливите барања |

**Податоците за примањата и членството во орган на управување во други друштва и податоците за вработување се презентираат во обем, форма и содржина добиени од односниот член на Одборот на директори и МКТ нема извршено каква било проверка на точноста или целосноста на на таквите податоци.*

Дополнително, надоместоците за клучното раководство на МКТ, вклучувајќи ги и поврзаните даноци и придонеси, се прикажани подолу:

| *Во илјади денари* | 2025 |
|---|---|
| Краткорочни користи за вработените (вклучувајќи ги поврзаните даноци) | 62.679 |
| Законски пензиски придонеси за краткорочните користи | 10.476 |
| Останати законски придонеси за краткорочните користи | 4.755 |
| Долгорочни програми за стимулација | 64.833 |
| Останати плаќања | 2.495 |
| Вкупно | 145.238 |

Дополнителни информации за финансиското работење на МКТ, оперативните и сметководствените политики, се дадени во Финансиските извештаи на МКТ за годината којашто завршува на 31 декември 2025 година.

**Информација за учество на членовите на Одборот на директори на МКТ на состаноците одржани во 2025 година**

Одборот на директори на МКТ во текот на 2025 година одржа вкупно 9 состаноци, од кои 4 редовни состаноци и 5 вонредни состаноци.

Информација за учеството на членовите на Одборот на директори на МКТ на состаноците одржани во 2025 година е дадена подолу:

| Име и презиме | Позиција | Присуство | Мандат |
|---|---|---|---|
| Игор Милев | Неизвршен член / Претседател на ОД | 4 состаноци | до 29.5.2025 годин |
| Никола Љушев | Извршен член на ОД / Неизвршен член на ОД | 7 состаноци | до 30.6.2025 годин до 20.10.2025 година |
| Горан Марковиќ | Неизвршен член на ОД / Извршен член на ОД | 5 состаноци | од 1.6.2025 годин од 1.7.2025 годин |
| Данијела Бујиќ | Неизвршен член на ОД | 4 состаноци | до 31.5.2025 годин |
| Диана Анамариа Паркањи Варкоњи | Неизвршен член на ОД | 9 состаноци | 2025 година |
| Борче Сиљаноски | Неизвршен член на ОД | 7 состаноци | 2025 година |
| Владимир Ивановски | Неизвршен член на ОД | 8 состаноци | 2025 година |
| Лубор Жатко | Неизвршен член на ОД | 4 состаноци | до 31.5.2025 годин |
| Золтан Переслењи | Неизвршен член на ОД | 4 состаноци | од 1.6.2025 годин |
| Андреас Маиерхофер | Неизвршен член на ОД | 2 состаноци | од 21.10.2025 година |
| Петер Фаил | Независен член на ОД | 6 состаноци | 2025 година |
| Младен Митиќ | Независен член на ОД | 5 состаноци | 2025 година |
| Сашо Димитријоски | Неизвршен член / Претседател на ОД | 5 состаноци | од 30.5.2025 годин од 10.6.2025 годин |
| Иван Митровски | Неизвршен член на ОД | 4 состаноци | од 30.5.2025 годин до 29.12.2025 година |
| Марин Алексов | Неизвршен член на ОД | 5 состаноци | од 30.5.2025 годин |
| Даниела Кржовска | Неизвршен член на ОД | 5 состаноци | од 30.5.2025 годин |
| Нусрет Зиба | Независен член на ОД | 5 состаноци | од 30.5.2025 годин |
| Сеад Арслани | Независен член на ОД | 5 состаноци | од 30.5.2025 годин |

**Зделки со заинтересирана страна**

Во 2025 година не беа склучени зделки со заинтересирана страна.

**Ревизор**

Собранието на МКТ, на својата седница одржана на 30 мај 2025 година, донесе Одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2025 година. Избраниот ревизор беше Грант Торнтон ДОО Скопје.

Во текот на ревизијата на финансиските извештаи за 2025 година, Грант Торнтон ДОО Скопје комуницираше со лицата задолжени за управување на МКТ и достави писмена изјава за независност со која потврдува дека ангажираниот тим, Грант Торнтон ДОО Скопје и фирмите членки на мрежата Грант Торнтон ДОО Скопје ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста. Надоместокот за ревизија на законските и МСФИ финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2025 година изнесува 3.936 илјади денари (без ДДВ).

МКТ не користи други услуги од Грант Торнтон ДОО Скопје или од фирмите членки на Грант Торнтон, по назначувањето на Грант Торнтон ДОО Скопје за овластен ревизор, освен ревизија на финансиските извештаи.

**Корпоративна општествена одговорност**

Друштвото известува за прашањата поврзани со животната средина и социјалните аспекти врз основа на начелото на транспарентност и во согласност со релевантните законски барања и добрите меѓународни практики. Во согласност со тоа, друштвото подготвува посебен извештај за корпоративната општествена одговорност како дел од Групацијата Дојче Телеком. Линкот до извештајот е достапен на веб-страницата на друштвото и во Прашалниците за корпоративно управување (GIQ2T) што се доставуваат до Македонската берза во делот 6 - Одржливост на засегнатите страни и социјални прашања.

**Регулатива и формирање на цени**

За цели на усогласување со Рамковните директиви на ЕУ 2009, во март 2014 година беше донесен Законот за електронски комуникации („ЗЕК“) на Северна Македонија како примарно законодавство, и правилниците како секундарно законодавство

На 19 декември 2014 година беа донесени измени и дополнувања на ЗЕК. Една од најважните измени е имплементирана во член 75-а којшто ги регулира цените за меѓународен роаминг. Во согласност со овој член, Агенцијата за електронски комуникации („Агенцијата“) има право со Решение да ги утврди максималните цени за услугите кои им се нудат на корисниците на роаминг од земјите со кои Република Северна Македонија има склучено договори за намалување на цените на роаминг услугите во јавните мобилни комуникациски мрежи.

Во март 2019 година, член 75-а беше изменет со цел да се овозможи проширување на RLAH регулативата (во роаминг како дома). На 5 април 2019 година, шест земји од Западен Балкан потпишаа договор со цел постепено укинување на дополнителните надоместоци за малопродажен роаминг до 1 јули 2021 година. Прописите за регионален роаминг на Западен Балкан беа инспирирани од Регулативата за роаминг на ЕУ. Поконкретно, договорот вклучува RLAH принцип (модел на роаминг како да си дома): од 1 јули 2021 година услугите за роаминг во регионот треба да се обезбедуваат по цените за националниот малопродажен сообраќај без дополнителен надомест за меѓународен роаминг. Договорот се применува само на териториите на земјите од Западен Балкан и нема влијание врз корисниците во Европската Унија. Земјите од Западен Балкан се: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Црна Гора и Србија.

Во јули 2019 година, ЗЕК беше повторно изменет и беше додаден член 29-а со цел да се овозможи финансирање на Оперативно-техничката агенција. Со овој член, Агенцијата е должна да пренесе дел од средствата за финансирање на дејноста на Оперативно-техничката агенција, како што следува:

- 50% од вкупните реализирани приходи кои Агенцијата ги остварила за претходната календарска година од приходите од годишните надоместоци кои операторите ги плаќаат за надзор на пазарот, утврдени во годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната календарска година, усвоен од Комисијата на

Агенцијата, и
- 10% од вкупните реализирани приходи кои Агенцијата ги остварила за претходната календарска година од приходите од годишните надоместоци за користење на радиофреквенции од страна на имателите на одобренија за користење на радиофреквенции, утврдени во годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната календарска година, усвоен од Комисијата на Агенцијата.

Агенцијата е должна да ги исплати износите на Оперативно-техничката агенција најдоцна до 15 април во тековната година.

Беа додадени нови членови 71-а, 71-б, 71-в, 71-г и 71-д со кои се бара воспоставување на Национална канцеларија за бродбенд компетентност - НКБК (Broadband Competence Office) како експертско и советодавно тело за поддршка на инвестиции во бродбенд мрежи.

Во април 2021 година, измените на ЗЕК беа донесени со усвојување на нови членови, од 166-а до 166-г, во врска со безбедноста на електронските комуникациски мрежи и контролата и мониторирањето од страна на соодветните институции. Во април 2022 година беше донесен нов Правилник со цел да може да се спроведат одредбите од ЗЕК.

Од 1 јануари 2022 година, МКТ беше повторно назначен за давател на Универзална услуга („УУ“) за период од 5 години за фиксни телефонски услуги и интернет од 12 Mbit/s и за обезбедување на услуга на крајни корисници со хендикеп.

Новиот Закон за електронски комуникации беше донесен на 4 јули 2025 година, со датум на примена од 1 јуни 2026 година. Подзаконските акти предвидени со овој закон треба да бидат донесени во рок од 15 месеци од денот на неговото влегување во сила. Измените на новиот ЗЕК кои се однесуваат на имплементацијата на одредбите од Регулативата (ЕУ) 1309/2024 на Европскиот парламент и на Советот од 23 февруари 2024 година, за намалување на трошоците за поставување гигабитни електронски комуникациски мрежи, беа усвоени на 31.12.2025 година, со датум на примена од 1 јуни 2026 година. Измените на новиот ЗЕК коишто се однесуваат на Регулативата (ЕУ) 2022/612 на Европскиот парламент и на Советот за роаминг во јавните мобилни комуникациски мрежи во рамките на Унијата, исто така се дел од јавна расправа.

Во април 2019 година, Министерството за информатичко општество и администрација подготви Национална стратегија за бродбенд во која што се утврдени следниве цели:

- До крајот на 2023 година, најмалку еден поголем град да биде покриен со 5G сигнал;
- До крајот на 2025 година, главните коридори на основната и сеопфатна патна мрежа во државата утврдени од Агенцијата да бидат покриени со непрекинат 5G сигнал;
- До крајот на 2027 година, сите градови во државата да бидат покриени со непрекинат 5G сигнал;
- До крајот на 2029 година, секој да има можност за пристап до интернет преку 5G со минимална брзина на пристап до интернет од најмалку 100 Mbps;
- До крајот на 2029 година најмалку 50% од вкупниот број на претплатнички договори на домаќинствата во цела држава, да имаат пристап до интернет од најмалку 100 Mbps;
- До крајот на 2029 година, сите домаќинства по прифатлива цена да имаат можност за пристап до мрежа која овозможува брзина за преземање од најмалку 100 Mbps со можност за надградба на гигабитна брзина;
- До крајот на 2029 година, сите јавни институции (училишта, универзитети, истражувачки центри и други образовни установи, здравствени установи, министерства, судови, локални самоуправи и други државни органи и тела), да имаат симетричен пристап до интернет со брзина од најмалку 1Gb/s.

**Регулирање на бизнисот на фиксна телефонија**

МКТ е оператор со значителна пазарна моќ („ЗПМ“) на големопродажните пазари на фиксни телефонски мрежи и услуги, вклучувајќи го и пазарот за пристап до мрежите за пренос на податоци и изнајмени линии. МКТ како оператор со ЗПМ има обврска да им обезбеди на своите претплатници пристап до јавните телефонски услуги на кој било оператор со кој има воспоставено интерконекција врз основа на официјално потпишан договор за

интерконекција.

Во 2017 година, двата релевантни малопродажни пазари за фиксна телефонија: 1. Пристап до јавната телефонска мрежа на фиксна локација и 2. Јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација беа дерегулирани. Врз основа на тоа, МКТ повеќе не е оператор со ЗПМ и нема ex-ante регулативи за малопродажни фиксни услуги.

Според подзаконската регулатива, МКТ има обврска да ги објавува референтните понуди за големопродажните производи за интерконекција, разврзан пристап на локална јамка („ULL“), локален битстрим пристап („BSA“), референтна понуда за пристап ("RAO") за обезбедување пристап до физичка инфраструктура и користење на специфични мрежни средства и терминирани сегменти на големопродажни изнајмени линии.

Правилникот за 112, единствениот број за итни повици беше донесен на 27 октомври 2015 година (Службен весник бр. 184/2015). Ажурираната верзија на правилникот беше донесена во 2021 година, а Центарот за управување со кризи (ЦУК) започна да ја обезбедува услугата во 2022 година.

**Регулирани големопродажни цени**

Во мај 2017 година, Агенцијата донесе Решение за определување на МКТ како оператор со ЗПМ на големопродажните пазари, локален и централен пристап на фиксна локација, релевантните пазари, 3а и 3б. Со истата анализа на пазарот, А1 Македонија (претходно one.Vip) беше определен за оператор со ЗПМ за првпат, со исти регулаторни обврски како и МКТ. А1 Македонија е должен да нуди големопродажни широкопојасни услуги на DOCSIS технологија. Врз основа на анализата направена во 2022 година, претходните одлуки беа потврдени без да се направат какви било промени.

Кон средината на 2019 година, Агенцијата спроведе ERT тестирање (методологија за определување на цени што се користат за истиснување на конкуренција) за широкопојасни големопродажни услуги на пристапни мрежи од следната генерација што ги обезбедуваат двата доминантни оператори (МКТ и А1 Македонија). Со развиениот ERT модел ќе се тестира можноста за економично реплицирање на малопродажните пакети, вклучувајќи ги и широкопојасните услуги со брзини на пристап поголеми од 30 Mb/s.

**Регулирање на бизнисот на мобилна телефонија**

МКТ има право на користење на следниве радиофреквенции за јавни мобилни комуникациски системи:

- 2 x 12.5 MHz во опсегот 900 MHz, период на важност: 8 септември 2008 година – 8 септември 2028 година (20 години)
- 2 x 10 MHz во опсегот 1800 MHz, период на важност: 9 јуни 2009 година – 9 јуни 2029 година (20 години)
- 2 x 15 MHz во опсегот 2100 MHz, период на важност: 17 декември 2008 година – 17 декември 2028 година (20 години)
- 2 x 15 MHz во опсегот 2100 MHz, со важност на лиценцата до 2028 година, нова
- 2 x 10 MHz во опсегот 800 MHz, период на важност: 1 декември 2013 година – 30 ноември 2033 година (20 години)
- 2 x 15 MHz во опсегот 1800 MHz, период на важност: 1 декември 2013 година – 30 ноември 2033 година (20 години)
- 2 x 10 MHz во опсегот 700 MHz, период на важност: 11 јули 2022 – 10 јули 2037 година (15 години) нова
- 100 MHz во опсегот 3.7-3.8 MHz, период на важност: 11 јули 2022 – 10 јули 2037 година (15 години) нова

Конкурентот А1 Македонија има право на користење на следниве радиофреквенции за јавни мобилни комуникациски системи:

- 2 x 12.5 MHz во опсегот 900 MHz
- 2 x 10 MHz во опсегот 2100 MHz
- 2x x 10 MHz во опсегот 2100 MHz, нова
- 2 x 10 MHz во опсегот 800 MHz
- 2 x 15 MHz во опсегот 1800 MHz

- 2 x 10 MHz во опсегот 800 MHz
- 2 x 15 MHz во опсегот 1800 MHz
- 2 x 10 MHz во опсегот 1800 MHz
- 2 x 10 MHz во опсегот 700 MHz, период на важност: 11 јули 2022 – 10 јули 2037 година (15 години) нова
- 100 MHz во опсегот 3.7-3.8 MHz, период на важност: 11 јули 2022 – 10 јули 2037 година (15 години) нова

Времетраењето на двете лиценци кои се позиционирани во пониските делови на опсезите што претходно ги поседуваше А1 Македонија беше до 2017 година, 10 MHz во опсегот од 900 MHz и 10 MHz во опсегот од 1800 MHz, и истекоа на 23 март 2017 година. Врз основа на барањето од А1 за продолжување на лиценцата, Агенцијата донесе Одлука бр. 0804-974 од 2 ноември 2016 да не ги продолжи овие две лиценци. Оваа одлука се базира на ефикасно и ефективно користење на спектарот на фреквенции и потребата за ослободување на радиофреквенции за влез на трет мобилен оператор на пазарот за да се поттикне конкуренцијата. Во моментов овие радиофреквенции не се доделени и не се достапни за продажба на постојните оператори. 2 x 15 MHz во опсегот од 2100 MHz е продолжена до 2028 година. Во септември 2023 година лиценцата на А1 во опсегот 2x900 MHz беше продолжена за 5 години до 2028 година.

Малопродажните услуги што ги обезбедуваат мобилните операторите во Република Северна Македонија во моментов не подлежат на ex-ante регулирање на цените.

МКТ е оператор со ЗПМ на големопродажниот пазар за услуги за завршување на говорни повици во мобилни комуникациски мрежи, со што му се наметнати неколку обврски: интерконекција и пристап, отсуство на дискриминација во однос на интерконекција и пристап, посебно сметководство и контрола на цени и сметководство на трошоци. А1 Македонија и сите три МВМО се назначени како оператори со статус на оператор со ЗПМ (значителна пазарна моќ) на релевантниот пазар за завршување на повици во мобилна мрежа.

Во 2020 година, Агенцијата спроведе нови анализи на релевантниот пазар за пристап и започнување на повик во мобилна мрежа. Регулаторните правни лекови наложени од Агенцијата се: заедничка доминантност на А1 Македонија и МКТ, исти корективни мерки за обата оператори, обврска за мобилен пристап за сите хибридни видови на MVNO (вклучувајќи и Препродавач), цена базирана на трошоци за целосни MVNO и малопродажен минус (-35%) за Препродавач, обврска за пристап до MMS услуги и мобилни податоци базирани на технолошка неутралност (вклучувајќи и 4G пристап). Во декември 2021 година, Агенцијата одобри нови намалени големопродажни цени за услуги за мобилни податочни услуги и SMS за MVNO.

На постапката за наддавање во рамките на јавниот тендер што се одржа во август 2013 година беше доделен целиот опсег 790 – 862 MHz заедно со неподелените фреквенции во опсегот 1740 – 1880 MHz за LTE (Long Term Evolution) технологија. Сите 3 македонски мобилни оператори добија лиценца за LTE радиофреквенции од 2x10 MHz (во опсегот 790 – 862 MHz) и 2x15 MHz (во опсегот 1740 – 1880 MHz). Секоја лиценца беше добиена за еднократен надомест од 10,3 милиони евра (634.011 илјади денари). Лиценцата на МКТ важи 20 години, до 30 ноември 2033 година, со можност за продолжување до 20 години во согласност со ЗЕК.

Тендерот за 5G беше одржан во 2022 година и, како резултат на тоа, беше продаден спектар во вкупна количина од 2x20 MHz на 700 MHz и 228,5 MHz во опсегот 3.x GHz.

**Конкуренција**

Конкуренцијата во телекомуникацискиот бизнис е добро развиена во сите сегменти. Двата главни интегрирани учесници на пазарот кои нудат целосно портфолио на фиксни и мобилни услуги го обликуваат телекомуникацискиот пазар во Северна Македонија: МКТ и А1 (подружница на Групацијата Телеком Австрија).

На пазарот на мобилна телефонија има три MVNO со помали удели на пазарот.

Пазарот на фиксна телефонија е фрагментиран со повеќе од 50 даватели на ТВ и широкопојасни услуги, повеќето од нив со регионално покривање.

Портфолиото на производи на сите оператори е доминантно базирано на пакет производи. Кабелските оператори формираат пакети од нивните ТВ понуди со интернет и фиксни говорни услуги.

А1 Македонија, како интегриран оператор, нуди сеопфатно портфолио на услуги - мобилни и фиксни говорни услуги, мобилен и фиксен широкопојасен интернет, ТВ и ИКТ решенија. Главниот фокус е на мобилните постпејд услуги, пакетите со фиксни услуги, како и пакет понудите со конвергентни услуги.

Телекабел е најголем давател на кабелски услуги меѓу 30 активни кабелски оператори, со силно присуство во региони каде МКТ има низок удел на пазарот. Тие се присутни и на пазарот на мобилна телефонија, како MVNO што нуди постпејд услуги. Со нудење на сите фиксни и мобилни пакет услуги, тие станаа трет целосно интегриран учесник на пазарот.

Телеком Србија (ТС) влезе на пазарот во четвртото тримесечје од 2021 година преку регионалниот бренд Mtel, првично нудејќи сателитска телевизија. Понудите за услуги на мобилна телефонија беа воведени една година подоцна, во К4 од 2022 година, како MVNO. Во четвртиот квартал од 2023 година, MTel воведе целосно нова интерактивна ТВ платформа „Move TV“. Кон крајот на 2024 година, MTel ја презема Lycamobile во Северна Македонија со нивната целокупна (припејд) база на претплатници.

На 31 декември 2025 година, според нашите најдобри проценки, МКТ имаше удел на малопродажниот пазар на фиксен широкопојасен интернет од 46%, удел на пазарот на ТВ услуги од 38% и удел на малопродажниот пазар на фиксни говорни услуги од 63% (извор: интерни најдобри проценки за развојот на пазарот базирани на официјалниот извештај на Телеком Австрија за третото тромесечје од 2025 година и извештајот на АЕК за второто тромесечје од 2025 година). На пазарот на мобилна телефонија, уделот на пазарот на МКТ се проценува на 48% (извор: интерни најдобри проценки базирани на официјалниот извештај на Телеком Австрија за третото тромесечје од 2025 година и извештајот на АЕК за второто тромесечје од 2025 година).*

*Сите удели на пазарот се базираат на логиката за производите на Телеком Австрија, каде 4G рутерите се дел од известувањето за мобилна телефонија.

**Маркетинг и продажба**

Во 2025 година, МКТ го одржа трендот на раст на базата на корисници во сите главни сегменти: постпејд, Магента 1, Интернет и ТВ.
Со силен фокус на обезбедување врвно корисничко искуство, во текот на 2025 година, МКТ продолжи да нуди понуди коишто се прилагодени на потребите на корисниците. Покрај акцентот на понудите со неограничени податоци, компанијата воведе нови и подобрени пакети за роаминг податоци, како и првата исклучиво дигитална понуда на пазарот наменета за сегментот на млади корисници. Дополнително, МКТ продолжи со своите активности за обезбедување најдобро искуство во домот со брзини од 1 Gbps и најквалитетен WiFi со Mesh технологија.

***Најдобра мобилна мрежа и најбрза мобилна и фиксна мрежа во Македонија и најголема оптичка мрежа***
Супериорноста на мрежата останува клучен стратешки приоритет кој продолжува да се реализира преку интензивно ширење на оптичката мрежа и покриеноста со 5G мрежа. Во 2025 година, МКТ ја задржа својата позиција на оператор со најдобра мрежа и доби престижна награда од OOKLA за најдобра мобилна мрежа и најбрза мобилна и фиксна мрежа.

**Дигитално корисничко искуство и дигитална трансформација**

Беше воведен нов и целосно иновативен пристап за односи со корисниците, којшто на корисниците им овозможува да пријават технички проблем, да поднесат приговор, да иницираат повторно приклучување за припејд и постпејд услуги, да го следат статусот на испорака и да вршат отплата на долгови на рати, со што пристапот на Телеком кон корисничка поддршка станува достапен 24/7.

Во 2025 година фокусот остана на подобрување на корисничкото искуство при користењето на апликацијата Телеком МК којашто обезбедува нов сет на дигитално достапни производи и услуги коишто се достапни за активација без потреба од контакт со вработените на МКТ, практично во реално време, за корисниците на

мобилни, Интернет и ТВ услуги како од сегментот на приватни така и од сегментот на деловни корисници.

Во 2025 година докажавме дека сме лидери во областа на дигитализацијата. Нашата посветеност за обезбедување извонредно дигитално искуство беше препознаено од нашите корисници со тоа што достигнавме бројка од 350 илјади активни корисници на апликацијата Телеком на месечно ниво.

**Magenta moments**

Во 2025 година, програмата Magenta Moments доживеа значителен раст и зголемена прифатеност кај дигиталната публика. Со проширена палета на партнери во различни категории и региони, Magenta Moments продолжува да биде главен фактор за подобрување на искуството и задоволството на корисниците.

**ТВ и поврзување**

Силниот раст во ТВ сегментот што беше остварен во 2024 година со воведувањето на Magenta TV и новото портфолио на тарифи, продолжи и оваа година. Растот на базата на ТВ корисници во 2025 година дополнително го подобри уделот на пазарот на Македонски Телеком, зајакнувајќи ја неговата позиција како водечки давател на ТВ услуги.

Соработката со големите добавувачи на ТВ содржини беше дополнително зајакната со продолжувањето на договорите за дистрибуција и со склучувањето на нови договори кои ќе донесат дополнителна вредност за ТВ производите. На крајот на 2025 година, Македонски Телеком склучи договор за дистрибуција со двете најголеми групации за емитување содржини од Албанија, со што на своите корисници од албанско говорно подрачје ќе им ја овозможи најдобрата понуда на содржини достапна на пазарот.
Во делот на широкопојасните услуги, Македонски Телеком продолжува да инвестира во својата оптичка инфраструктура, покривајќи уште поголем дел од територијата со пристап до супербрзи широкопојасни услуги, кои континуирано се препознаени од страна на корисниците и останатите релевантни тела како најдобри широкопојасни услуги на пазарот. Едно такво признание му беше повторно доделено на Македонски Телеком во 2025 година од страна на реномираната компанија за дијагностика и аналитика на перформансите на интернетот и мрежите, Ookla, којашто го идентификуваше Македонски Телеком како најдобра мрежа на македонскиот пазар.

Распоредувањето коешто беше фокусирано на најновата генерација на корисничка опрема базирана на Wi-Fi RDK, заедно со интегрираниот MESH Wi-Fi Booster, континуирано придонесува кон диференцијацијата и обезбедувањето врвно корисничко искуство. Во однос на безбедноста, бројот на корисници на широкопојасен интернет, и во фиксната и во мобилната мрежа, кои ја користат услугата SafeNet, значително расте, со што интернет услугите на Македонски Телеком стануваат прв избор за „безгрижно“ користење интернет на пазарот.

**Заштита на животната средина и корпоративна одговорност**

Во 2025 година, МКТ ја продолжи својата успешна програма за еко-иницијатива „Рециклирај за нов паметен телефон“. Оваа програма има за цел да ја подобри еколошката свест и значително да го намали електронскиот отпад. Со промовирање на одговорни практики за рециклирање, МКТ не само што придонесува за одржливост на животната средина, туку и ги охрабрува потрошувачите да направат информиран избор за нивните електронски уреди. Ваквите иницијативи се од витално значење во тековните напори за справување со сè поголемиот проблем со електронскиот отпад и поттикнување на култура на одржливост во технолошката индустрија.

**Деловни корисници**

Во 2025 година продолживме да обезбедуваме најдобро корисничко искуство со помош на нашиот главен производ, конвергентната услуга Magenta 1 Business. Нашата цел е секогаш да нудиме многу повеќе од телекомуникациски услуги и да ја искористиме технологијата за да отвориме нов свет на искуство и дигитализација за нашите деловни корисници.

Проширувањето на портфолиото на безбедносни производи и услуги остана еден од клучните фокуси во 2025 година. Како дополнување на нашиот постоечки сет на безбедносни услуги, ја воведовме услугата AntiDDoS. AntiDDoS е напредно решение коешто ја штити мрежата на крајниот корисник од дистрибуирани напади, поточно напади со DDoS кои имаат за цел целосно да ја оневозможат функционалноста на онлајн и корпоративните услуги на корисникот. Со оваа услуга, бизнис корисниците ќе можат да го осигурат својот континуитет во работењето и да спречат прекини во мрежата предизвикани од малициозен сообраќај. Исто така, ја промовиравме и безбедносната услуга SafeNet за мобилните корисници.

Развојот и промоцијата на напредни ИКТ и дигитални решенија, продолжи да биде еден од клучните приоритети во 2025 година. По успешното воведување на решението за Телемедицина во 2024 година, во 2025 година лансиравме стандардизирана понуда на услуги за сегментот на мали и средни претпријатија (МСП). Дополнително, го воведовме и решението за дигитално рекламирање и промоции — Digital Media Signage (DMS).

Во 2025 година, Македонски Телеком стана еден од лидерите во групацијата ДТ ЕУ во промоцијата на CPaaS (Communication Platform as a Service – Комуникациска платформа како услуга). Започнавме со интензивни активности за настап на пазарот насочени кон стекнување и проширување на базата на корисници. Ова резултираше со брзо прифаќање на платформата во клучните индустрии како што се банкарството, осигурувањето и здравството, со што се придонесе кон создавање нов извор на приходи.

Што се однесува до дигиталните канали, 2025 година беше одбележана со воведувањето на One Portal – платформа за самоуслужување за деловни корисници. One Portal е клучен стратешки проект насочен кон подобрување на дигиталните точки на контакт и кон забрзување на трансформацијата на каналите за деловни корисници во рамките на ДТ ЕУ кон модел кој е примарно дигитален и присутен на сите канали, како и кон транзиција на продажбата и услугите кон скалабилни платформи за самоуслужување во целото портфолио на услуги за деловни корисници (B2B) на ДТ ЕУ.

Континуираниот професионален развој е клучен за зајакнување на вработените со знаењата и вештините што им се потребни за да се истакнат на нивните работни места. Препознавајќи го ова, презедовме значителни чекори за да го подобриме нашето образование, со цел да осигуриме дека нашиот тим ќе ги има сите можности да одговори на барањата на индустријата. Исто така, стекнавме голем број млади таленти кои значително придонесуваат за развојот на нови услуги и алатки во областа за деловни корисници.

Врвното задоволство на деловните корисници беше уште една цел што беше утврдена за 2025 година, што јасно се одрази со достигнувањето висок TRIM индекс во третото тромесечје од 2025 година како резултат на што беше задржана водечката позицијата во областа на B2B DT EU во однос на овој KPI.

**Поврзувањето почнува кога бариерите ќе се скршат**

Вистинското поврзување, како алатка за заеднички напредок, остана главен елемент на наративот на нашиот бренд и оваа година.

За да го зголемиме јазот во диференцијацијата меѓу нас и конкуренцијата, ја надградивме веќе воспоставената комуникациска платформа „Направи место“. Меѓутоа, ако во 2024 година повикувавме да направиме место со цел вистински да се поврземе, во 2025 година фокусот беше ставен на отстранување на една од главните причини за бариерите што нè спречуваат да се поврземе – предрасудите.

Во таа насока, спроведовме неколку иницијативи за подигнување на свеста со фокус на надминување на предрасудите, со цел да се поттикне довербата и да се изгради поповрзано општество.

Со овој стратешки пристап, го поместивме фокусот од поврзување со помош на технологијата кон остварување вистинско поврзување, притоа задржувајќи ја автентичноста. Ова ни помогна да ја задржиме нашата лидерска позиција на високо конкурентниот пазар, што е евидентно во нашите клучни показатели за брендот; нашиот резултат за афинитет кон брендот изнесува над 70%, додека оценката за претпочитање на брендот во декември изнесуваше 60%, што е за 27 поени над А1.

Во 2025 година бевме силно присутни на младинскиот фронт со меѓународниот проект „Summer of You“, воведувањето на новиот W план, дигитална понуда наменета исклучиво за млади, натпреварот Telekom Esports Championship и Magenta Moments. Овие активности ги поддржаа нашите напори во иднина да бидеме прв избор на младите кои се нашите идни корисници.

Во сегментот на деловни корисници, ги ангажиравме корисниците со неколку итерации на меѓународната кампања, пренесувајќи ја нашата клучна порака: „Телеком е најдобриот партнер за дигитализација на вашиот бизнис“.

Во 2026 година влеговме со стабилна лидерска позиција, како најсакан и најпретпочитан телекомуникациски бренд во Северна Македонија.

**Извонреден квалитет на услугите**

МКТ останува цврсто посветен на обезбедување ефикасна и висококвалитетна корисничка поддршка, достапна 24/7 преку сите канали. Корисниците можат да нè контактираат во секое време за информации или решавање проблеми преку широк спектар на точки за контакт. Иако поддршката од оператор и понатаму има клучна улога, постои силно и континуирано префрлање кон дигиталните и пишаните канали на комуникација, вклучувајќи го четувањето во живо на веб-страницата, социјалните медиуми (Facebook, Twitter, Instagram) и апликацијата Telekom App, за да се осигури дека сме секогаш присутни на каналите што ги претпочитаат нашите корисници. За дополнително да ја зголемиме брзината и точноста на услугата, продолживме со проширување на можностите на нашиот четбот, овозможувајќи брзи, автоматизирани и сигурни одговори.

Во 2025 година, МКТ воведе целосно модернизирана, обединета платформа за управување со контактите со корисниците преку сите канали. Оваа трансформација отвора широки можности за интеграција на можности и опции базирани на вештачката интелигенција (AI), овозможувајќи побрза, попаметна и уште поперсонализирана корисничка поддршка.

Врз основа на нашите континуирани истражувања на задоволството на корисниците, МКТ уште еднаш се рангираше како оператор број еден според задоволството на корисниците во сите категории на услуги, мобилни, фиксни и конвергентни, со што успешно ја задржа својата лидерска позиција од претходните години. Ова достигнување е одраз на нашата непоколеблива посветеност на обезбедување извонреден квалитет на услугите и ставање на корисниците во центарот на сè што правиме.

Повратните информации од корисниците остануваат темел на нашата стратегија за обезбедување извонредни услуги. Со континуираното собирање на сознанија од корисниците и од редовните мерења на Net Promoter Score (NPS), МКТ внимателно ги следи перцепциите за квалитетот на услугата, перформансите на производите и довербата во брендот. Овие сознанија се директен двигател на нашата посветеност кон континуирано подобрување, осигурувајќи дека секое подобрување што го правиме се преточува во супериорно и постојано исклучително корисничко искуство.

За дополнително да се зајакне нашиот фокус на корисниците и регионалното присуство, сите точки на контакт со корисниците беа обединети во единствена, кохезивна организација за директен контакт со корисниците, структурирана во повеќе региони. Нашите продажни места беа целосно интегрирани со услугите на техничките теренски служби, создавајќи беспрекорно патување на корисникот што има за цел градење доверба, освојување на срцата на корисниците и остварување заеднички раст. Оваа обединета организација за директен контакт со корисниците доследно ги следи најновите трендови во корисничкото искуство, нудејќи им на корисниците интерактивно опкружување за истражување на производите и услугите, со поддршка од високо обучени продажни агенти кои се грижат секое домаќинство да ја добие најсоодветната понуда. Каналите за директна продажба, вклучувајќи ја продажбата од врата до врата (D2D) и телепродажбата, и понатаму силно учествуваат во вкупните резултати на продажбата, додека техничките услуги, инсталација и отстранување пречки, се реализираа навремено и со високо задоволство на нашите корисници.

**Истражување и развој**

**ИКТ**

МКТ продолжува да води на пазарот со технолошки иновации. Нашите развојни напори се фокусирани на стратешките области како што се паметни градови, паметно мерење енергија, телемедицина, решенија за сајбер безбедност и комуникациски платформи базирани на облак.

***Паметни решенија***

Во 2025 година, добивме CE-сертификат за нашиот IoT контролер за управување со енергија и успешно го надградивме нашиот IoT контролер за паметно осветлување. Покрај интеграцијата на GPS приемник и антена, контролерот за паметно осветлување беше унапреден за да го поддржува Zhaga екосистемот, со што се обезбедува целосна интероперабилност со стандардизирани светилки и сензори. Надградбата овозможи лоцирање на светилките, мерење на потрошувачката на енергија по поединечна светилка, следење на работните часови и континуиран мониторинг на критичните  параметри на ниво на светилка во поглед на електриката и работењето. Овие способности овозможуваат подобрено управување со животниот циклус на средствата, прецизно известување за енергијата и оптимизирано планирање на одржувањето, со што се зајакнува нашата позиција во доменот на интелигентни и одржливи решенија за осветлување.

Истовремено, ја надополнивме нашата IoT платформа со решенија за управување со залихи и паметно етикетирање што беа развиени во рамки на компанијата. Нашите решенија за паметно мерење на потрошувачката на енергија и паметно осветлување беа успешно имплементирани во Општина Велес, како и кај повеќе комерцијални корисници фокусирани на енергетска ефикасност, заштита на животната средина и управување со залихи.

Дополнително, развивме Паметен систем за рана детекција на поплави и следење на отпадот во сливот на реката Лепенец. Како дел од овој проект, преку нашите услуги беа интегрирани стандардни камери за видео надзор (CCTV) во платформа за видео стриминг и архивирање што беше развиена во рамките на компанијата. Понатаму, развивме NB-IoT уред напојуван со Li-ion батерија за следење на нивото на водата, поврзан на заедничка платформа која вклучува видео надзор, визуелизација на податоци од сензори и предвидување трендови врз основа на интегрирани податоци од временска прогноза.
Како резултат на тоа, инспекторите од Општина Ѓорче Петров и од Дирекцијата за заштита и спасување сега редовно го следат нивото на водите во реката Лепенец и идентификуваат нелегално одлагање отпад долж нејзините брегови.

По воведувањето на системот „Безбеден град“ во Скопје, предвидовме зголемена побарувачка за решенија за управување со возен парк и следствено на тоа развивме сопствена софтверска платформа за управување со возен парк. Решението вклучува следење возила, идентификација на возачи, гео-оградување (geo-fencing), планирање на одржувањето и пристап до широк спектар на параметри на возилата добиени преку CAN BUS интерфејсот. Платформата е компатибилна со повеќето стандардни IoT уреди за управување со возен парк, обезбедувајќи флексибилност и скалабилност за различните потреби на корисниците.

***Решенија за телемедицина***

Ги развивме сите потребни софтверски модули и интерфејси за да го интегрираме нашето  решение базирано на „облак“ за архивирање и споделување на ЕКГ и ултразвучни снимки во целосно функционален PACS (Picture Archiving and Communication System – Систем за архивирање и комуникација на снимки). Системот поддржува прием, архивирање, споредба и безбедно споделување на медицински снимки од различни дијагностички уреди користејќи ги нашите решенија за поврзување и DICOM протоколот.
Платформата, исто така, овозможува преземање на историски податоци од медицински снимки од „облакот“ директно на дијагностичкиот уред, овозможувајќи им на лекарите да ги споредат моменталните и претходните резултати на истиот уред. Дополнително, развивме оригинален RIS (Radiology Information System – Радиолошки информационен систем) којшто овозможува интуитивно закажување и автоматизирано препраќање на податоците

за пациентите до закажаните уреди за снимање, вклучувајќи ЕКГ, ултразвук, КТ и системи за МРИ.
Моментално, десетици деловни корисници активно го користат ова решение, со планирано проширување кон владините и јавните здравствени установи.

**Мрежна технологија**

Како лидер во сегментот на оптичка инфраструктура, постигнат е стабилен напредок во распоредувањето на оптика до домот (FTTH) и миграцијата од бакар на оптика (Cu2F). Ова е исто така дел од стратегијата на МКТ за заштита на животната средина. Со воведувањето на новите технологии и напуштањето на старите, покрај добивањето поголеми брзини и подобра услуга, драстично се намалува потрошувачката на електрична енергија, а бакарот повторно се користи како ресурс.

До крајот на 2025 година, МКТ ја прошири покриеноста со оптика на вкупен број од 368.804 поминати домови со FTTH, што значи дека околу 42,1 % од домаќинствата веќе имаат можност да добијат конекција со оптички влакна. Во однос на распоредувањето на VDSL, има повеќе од 338.676 VDSL поминати домови во фиксната бакарна мрежа. На крајот на 2025 година, бројот на корисници на LTE кутии ја надмина бројката од 18.300. Во текот на 2025 година, фокусот на Cu2F-миграциите резултираше со зголемување од 12% во споредба со 2024 година.

На крајот на 2025 година, 5G технологијата стана достапна за 93,97 % од населението на национално ниво. Повеќе од 99,9% од сите локации обезбедуваа LTE услуги, а 73,23 % од базните станици беа поврзани со оптика. Обемот на податоци којшто се пренесува преку 5G продолжи стабилно да расте на месечна основа.
Стратешки приоритет во овој период беше забрзаното воведување на 5G во опсезите од 700 MHz и 2100 MHz. Оваа иницијатива е насочена кон обезбедување одлично корисничко искуство со 5G на NR700 и континуирана покриеност за поддршка на идни случаи на употреба на 5G SA.

Во основната мрежа, стратегијата на МКТ е целосно усогласена со стратегијата на ДТ за клаудификација на основната мрежа, со силен акцент на натамошното проширување на CIT облакот. Клаудификацијата на домените на услуги за говор, податоци и NDL се одвива според планот, со додавање на компоненти од основната пакетска мрежа во клаудифицираниот домен во 2025 година и започнување со компонентите за говорни услуги, со што мрежата истовремено се подготвува за воведување на 5G Standalone (SA) следната година. Проектот за обновување на Основната пакетска мрежа е во тек со успешно завршување на планираната Фаза 1 во текот на 2024 година. Планирано е сите активности да бидат завршени до крајот на 2026 година. Паралелно започнавме со активности за клаудификација во доменот на говорните услуги.

Целта на стратегијата на МКТ во областа на ТВ услугите е задржување на позицијата на водечки давател на ТВ услуги на македонскиот пазар, преку обезбедување најдобра ТВ услуга со најрелевантни содржини. Магента ТВ го револуционизира искуството на гледање телевизија со тоа што нуди квалитет на слика со висока дефиниција, интерактивен интерфејс и непречен пристап до содржините на повеќе уреди. Исто така, вклучува пристап до безброј ТВ-апликации на кој било уред, на тој обезбедувајќи флексибилност и удобност за корисниците. До крајот на 2025 година, ТВ услугата броеше приближно 169.000 претплатници.

МКТ е посветена на заштита на животната средина и на намалување на влијанието врз природата и во овој процес ја користиме и технологијата. Сите цели во однос на потрошувачката на енергија договорени на ниво на Групацијата ДТ се успешно исполнети.

**Информатичка технологија**

Во 2025 година, Секторот за ИТ продолжи да ги прифаќа Agile методологиите за да ги поттикне интерните промени насочени кон развојот на архитектурата на микросервисите и повлекување на наследените апликации.

Програмата за ИТ трансформација и дигитализација напредува во согласност со планот во двата домени: front-end и back-end. Во front-end доменот, ова го вклучува новиот дизајн на OneApp, новата веб-продавница и подобрувањата на MAXIS. Во back-end доменот, клучните иницијативи вклучуваат управување со нарачки и подобрувања на управувањето со работна сила (WFM), како дел од проектот за модернизација на управувањето на односите со корисниците (CRM) (SugarCRM Refactoring / MAXIS 2.0).

Истовремено, проектот за соработка со Modirum е фокусиран на обезбедување на корпоративен каталог на производи (каталог на производи/услуги/ресурси), проверка на понудата на производи (подобност) и можности за управување со нарачки. Се врши и стратешка промена насочена кон преземање на основните CRM функционалности, вклучувајќи дефинирање нови тарифи и дополнителни услуги, како и дизајнирање и имплементирање нови текови за реализација на услугите. Договорот со Modirum завршува на крајот на 2026 година.

Системот MAXIS (управување со синџирот на снабдување, управување со договори, опрема, каталог на производи) беше успешно имплементиран и целосно оперативен во текот на целата година, што резултираше со зголемување на брзината на обработка на трансакции во продажните места до 30%. Ова подобрување значително ја зголеми нашата оперативна ефикасност и го намали времето на чекање на корисниците. Развојот на нови функционалности продолжи во текот на годината, со примарен фокус на проширување на можностите за дигитални трансакции. Истовремено, беа преземени активности за модернизација на процесите кои потекнуваат од наследените системи, поддржувајќи поефикасна работна средина подготвена за иднината. Во доменот на фактурирањето (Billing) започна проектот за модернизација на фактурирањето и наплатата (Billing and Charging) и се планира тој да заврши до крајот на првото тромесечје од 2026 година.

Имплементирана е нова платформа за Контакт центарот базирана на решение Sprinklr и таа беше ставена во продукција уште на крајот на 2025 година.

Во текот на 2024 година, МКТ вложи значителни напори во трансформирањето на својата дата инфраструктура, насочувајќи ја кон можностите за работење засновано на податоци. Фазите 1 и 2 од проектот DWH2DEP, насочени кон повлекување на наследените DWH системи за мобилна и за фиксна телефонија, беа успешно завршени. Понатамошната експанзија во оваа област остана клучен фокус за 2025 година. Главната цел е воспоставување на DEP како унифицирана основа за податоци што овозможува напредна аналитика и поддржува брзо донесување одлуки засновано на податоци како одговор на пазарните промени. Дополнително, успешно беа имплементирани алгоритми за предвидување базирани на машинско учење за конкретни случаи на употреба во рамките на процесите базирани на корисници/производи и тие ќе продолжат да се развиваат во наредниот период.

Горан Марковиќ

___________________________

Главен извршен директор
Македонски Телеком АД – Скопје

**Преведено од Лингва Експерт**

**Изјава за усогласеност со Кодексот на корпоративно управување**

Во согласност со Правилата за котација на Македонската берза (член 42 а), Одборот на директори ја дава следната Изјава:

Ние, долупотпишаните членови на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје, изјавуваме дека, во своето работење, Македонски Телеком АД - Скопје се придржува до Кодексот на корпоративно управување за акционерските друштва котирани на Македонска берза АД Скопје, којшто е објавен на веб-страницата на Берзата на www.mse.mk.

Македонски Телеком АД - Скопје се придржува до принципите и најдобрите практики на корпоративно управување пропишани со Кодексот според пристапот „примени или појасни зошто не си применил" преку пополнување прашалници, чија форма и содржина се пропишани во Кодексот.

Со оваа Изјава потврдуваме дека прашалниците ќе се објават на СЕИ-НЕТ и на веб-страницата на Македонски Телеком АД - Скопје и дека одговорите содржани во нив се точни и вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и најдобрите практики на корпоративно управување од страна на Македонски Телеком АД – Скопје, како што е пропишано со Кодексот на корпоративно управување.

Во име на Македонски Телеком АД - Скопје

Главен извршен директор
Горан Марковиќ

## Изјава за примена на кодексот на корпоративно управување

МКТ е друштво котирано на официјалниот пазар на Македонска берза АД Скопје, во под-сегментот „задолжителна котација“.

Заради доследно почитување на членот 384-а од Законот за трговски друштва, МКТ ја дава оваа изјава со која потврдува дека ги применува принципите на добро корпоративно управување во согласност со обврските утврдени во Законот за трговски друштва.

Корпоративното управување, како и етичкото и деловното однесување на менаџментот и вработените во МКТ се гарантирани со интерни акти усвоени од страна на Одборот на директори (ОД) на МКТ и тоа:

1. Кодекс на однесување на МКТ;
2. Кодекс на етичко однесување на финансиските менаџери на МКТ;
3. Прирачник за Програмата за корпоративна усогласеност на МКТ;
4. Директива за воведување на принципи за спречување на измами на МКТ;
5. Директива за усогласеност со принципите за спречување на корумпирано однесување на МКТ;

Компанијата разви сеопфатен Систем за управување со усогласеност и усвои сет интерни акти коишто поставуваат високи барања и стандарди за етичко и деловно однесување на менаџерите и вработените во Компанијата, вклучувајќи ги и членовите на Одборот на директори. Елементите на Програмата за усогласеност се достапни на веб-страницата на Компанијата, вклучувајќи ги и Кодексот на однесување и Кодексот за етичко однесување на МКТ.

Во име на Македонски Телеком АД - Скопје

Главен извршен директор
Горан Марковиќ